# Непозната Македонија

Васко Марковски

Изданието е објавено со поддршка од:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

**БИБЛИОТЕКА – *НА ПАТ***

Уредник
**Филип Димевски**

Лектура
**Ирена Ралева**

Јазична редакција
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот:
**Васко Марковски**
***Непозната Македонија***

**Copyright © 2020 by Vasko Markovski**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Ликовно уредување
**Наталија Лукомска**

---

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# Непозната Македонија

Васко Марковски

Бегемот
Скопје, 2020

## Содржина


Кон ракописот „Непозната Македонија“ од Васко Марковски ..................... 7
Цоцев камен ..................... 11
Кањонот на пеперутките ..................... 17
Ротондата од Коњух ..................... 21
Кулата што го направила Скопје метропола ..................... 26
Џамијата на Султан Мурат ..................... 34
Саркофазите од Карпош 3 ..................... 42
Музеј во паричникот ..................... 47
Винари од памтивек ..................... 53
Насликана чаршија ..................... 59
Козарот од Таор ..................... 63
Кралство на стомните ..................... 67
И чипсот има роден крај ..................... 72
Кој фрлал пушки в езеро? ..................... 75
Помирување над гробовите ..................... 80
Владичките одежди од Матка ..................... 85
Очи в очи со древното ..................... 90
Кожуф Партенкирхен ..................... 95
Господи, сполај ти што су вевчанец ..................... 100
Го преживеав Холокаустот ..................... 106
Шпанецот ..................... 111
Домино ..................... 116
Собранието под рендген ..................... 121
Каменот што носи деца ..................... 127
Град на кули и мостови ..................... 131
Најмалиот етнолошки музеј во светот ..................... 135
Охридски цреши ..................... 140
Патот на езерата ..................... 146
Опинци за Џон ..................... 150
Сафари зад Водно ..................... 154
Плажи на Козјак ..................... 159
Островот ..................... 163
Скаменети сватови ..................... 170
Буковец ..................... 175
Света Спасица од Вишни ..................... 180
Преспански јаболка ..................... 185
Храм на Божјата Премудрост ..................... 190
Македонија на поштенски марки ..................... 196
Малиот битолски Монмартр ..................... 201
Турски чај ..................... 206
Вовчето ..................... 211
Кавалите на Стојанче ..................... 216
Првите оргули ..................... 221
Дождливо попладне во Заливот на коските ..................... 226

16-ка ........ 231
Дексион ........ 236
Вулканот ........ 241
Патот на цвеќето ........ 246
Цветови од јамата ........ 250
Манастир над лесновскиот кратер ........ 253
Музејот на Злате ........ 258
Циронки ........ 263
Вевчанските извори ........ 267
Срцето на Свети Наум ........ 273
Чуварот на Галичник ........ 279
Струшките скокачи ........ 285
Паркот на поезијата ........ 289
Дојранските лековити алги ........ 293
Мистериите на Стоби ........ 300
Шарена џамија ........ 306
Тетоец ........ 311
Професор Олдтајмер ........ 315
Светецот со кучешка глава ........ 321
Копаничарот од Фејсбук ........ 326
Летачите од Мечкин камен ........ 333
Скопско кале ........ 338
Квартот на Тито ........ 343
Спомен-куќа на Мајка Тереза ........ 349
Македонскиот Лас Вегас ........ 354
Златната маска од Горна Порта ........ 359
Беласичките водопади ........ 364
Градот на конзулите, Битола ........ 368
Охрид од песните ........ 372
Пелистер за почетници ........ 376
Јанче ........ 381
Штипинг ........ 386
На коњи до Милениумскиот крст ........ 391
Скапоцениот камен од Македонија ........ 397
Радожда, кај што се буди радоста ........ 402
Вруток, кај што почнува сѐ ........ 408
Белешка за авторот ........ 413

## Кон ракописот „Непозната Македонија“ од Васко Марковски

Васко Марковски е исклучителен патеписен љубопитник. Неодамна, токму во издание на „Бегемот“, се појави неговата книга „Урбани легенди“, а годинава авторот го објавува својот повеќегодишен труд насловен „Непозната Македонија“.

Станува збор за опсежен ракопис од неколку стотици страници, кој, и покрај обемноста, читателот го исполнува со шармот, пријатноста и леснотијата на прочитот. „Непозната Македонија“ е еден голем мозаик составен од разнобојни, дребни, но филигрански обработени каменчиња, што функционираат како необврзна редоследна целина, пред сѐ според слободната сугестија на авторот на ракописот, но коишто, едновремено, можат да се читаат и независно и по слободен избор на редоследите, запазувајќи ги врските на прочитот единствено во најмалите мониста, кои Марковски ги ниже едноподруго, речито, од повеќе аспекти: од една страна информативно, но и чувствено богато – осветлувајќи места, простори и скриени урбани и природни локалитети, кои се дел од неговите, најнапред, лични преоткривања на просторот што толку многу му значи, и чии бројни аспекти и суштини ги споделува со својот читател како од него откриени, а од нив многу притаени и скриени скапоцености на овој така слоевит и богат простор... Во неговата книга се вкрстуваат сегашните објекти, простори, изгледи и минати приказни, митови, истории, ликови во една долга и богата низа од сказови, патеписи, репортажни записи и сведоштва на изворни личности.

Импресивни се тие записи со својата писателска субјетивност, што го потенцирам со оглед дека нивниот автор е и фотограф и дека фотофиксацијата на стварноста е бележито својство, барем во таа негова креативна димензија на претставувањето приказни од слики или во обратниот случај – сликовити приказни. Така, неговата „Непозната Македонија", предочена низ авторскиот субјектив (може ли да се одреди така јукстапозицијата на поимот „фотографски објектив"?), е еден сосем индивидуален запис составен од податоци, апострофирани, цитирани или лично откриени факти, репортерски доживувања и познанства на луѓе од просторите на оваа голема мала земја, што ние со право ја сакаме, и која авторите како Васко Марковски одново и вака раскошно, со љубов ја преоткриваат како сопствен, само условно патеписен тајнопис.

„Непозната Македонија" ја доживувам како специфичен ракопис и идна книга; како своевиден репортерски, патеписен и наративен енформел на едно многу лично преоткривање на (пот)скриените богатства на оваа навидум малечка земја; како четиво што плени со свежината и со особените агли на интересирањето, презентирани во оваа широка авторска прошетка низ скриените простори, вредностите, особените личности што Васко Марковки ни ги открива во својата невообичаена книга. Таа е географски, предметен, археолошки, културноисториски, но пред сè – човечки итинерер, на една непозната или, барем, на една помалку позната Македонија, низ која така убаво, со вештината на културен водич, што е уште една негова професионална вокација, сугестивно нè расходува Марковски. Тоа е книга чија рута е, во суштина, внатрешна и која колку што ни ги открива надворешните простори на Македонија, толку укажува и на инхерентните преференции и лиричниот свет и чувственост на својот автор. „Непозната Македонија" е една книга во која се отсликува љубовта на нејзиниот автор за својата земја и таа е, во таа поетичка смисла, и

едно фино, богато, деликатно и навистина своевидно патриотско четиво, во најнепретенциозната и во најплаузибилната смисла на зборот.

Томислав Османли

## Цоцев камен

*Место за живеење, храм со платформа за ритуални жртвувања и праисториска опсерваторија за набљудување на ѕвездите. Научниците сè уште полемизираат што е Цоцев Камен. Едно е јасно. Вреди да се посети.*

Сте помислиле ли дека еден од овие пеколни денови можете да го поминете во природа, но не на плажа, пиејќи студени пијалаци, меѓу две разладувања во некое од нашите езера. Што велите за еднодневна прошетка во предел настанат од ерупција на некогашни вулкани, далеку од езеро, кој ќе направи да се почувствувате блиски со луѓето од праисторијата, коишто живееле на педесетина, стотина километри од вашите домови.

Го запаливме автомобилот и заедно со фоторепортерот **Васил Боглев** од Австралија и основачот на македонскиот Центар за карпеста уметност, **Душко Алексовски**, тргнавме кон Кратово, да го видиме Цоцев Камен, археолошкиот локалитет што познатиот авантурист од *Yahoo!*, **Ричард Бенгс**, го нарече „екстремно жешка базалтна карпа, тешка за искачување, позната по неолитските церемонии на плодноста и виното, чија мистерија почива во тоа што некој решил токму таму да изгради храм".

На температури од околу 40°C, нашиот избор, можеби, ќе ви личи на одење спроти ветерот, но решивме да го направиме тоа и, верувајте, не зажаливме, иако за нашето патување го одбравме еден од најтоплите денови што ни ги донесе летото.

**КАМЕНОТ НА МИЛОТО ЧОВЕЧЕ.** Цоцев Камен е локалитет што во времето на палеолитот луѓето го користеле како место за живеење, храм со платформа за ритуални жртвувања и како праисториска опсерваторија за набљудување на ѕвездите, Сонцето и Месечината – ни рече во кусиот вовед Алексовски, додека патувавме по земјениот пат кон *жешката карпа*, откако се исклучивме од патот Куманово-Кратово.

– Во тоа ќе се уверите и самите, а за тоа сведочат и многуте наоди на карпеста уметност што ги откривме во околината на Цоцев Камен – рече Алексовски.

Додека се движевме по нерамниот земјен пат, по кој, сепак, е попаметно да се оди со теренско возило, ни раскажа многу за културолошкото богатство во долината на Крива Река, но сето тоа како да беше поврзано со Цоцев Камен. Додека откривавме нови и нови вулкански карпи во околината на патот, прашувајќи дали сме блиску, научивме за многуте пештери во кои почиваат траги од животот во праисторијата и за древните градови и храмови по чии траги тргнале многу археолози.

По четириесетина минути, запревме.

– Оттука ќе одиме пеш, зад дрвјата е Цоцев Камен – најави Алексоски.

**НАСЕЛБА, СВЕТИЛИШТЕ, ОПСЕРВАТОРИЈА.** Почетоците на животот во Цоцев Камен, како што ни раскажа нашиот водич, датираат од времето на мезолитот, кога луѓето од долината на Крива Река достигнале повисоко ниво на култура и почнале да се преселуваат од пештерите кон вулканската карпа, каде што граделе лесни живеалишта –еден вид шатори од дрвени греди, гранки и кал, подигнати врз платото покрај камениот блок.

Се наоѓаме пред темелите на еден од тие шатори.

– Еве ја вратата. Влегуваме во живеалиштето. Тука претпоставуваме дека имало дрвена конструкција, која била зацврстена во овие издлабени канали и дупки. Гредите биле

сплетени со гранки, измачкани со кал, а покривите биле од гранки или од кожи. Тука има столб што бил врзан за конструкцијата и ѝ давал дополнително зацврстување. Браздите што се гледаат околу темелите на колибите служеле за одлевање на водата и за заштита од поплави – ни раскажа Алексовски, посочувајќи ги елементите со показна алатка, бел метален стап.

Патеката оттаму нѐ води низ два големи камења, кои, како што ни објасни, некогаш формирале портал што ги воведувал луѓето во просторот за кој се претпоставува дека бил светилиште. Дека станува збор за портал, според Алексовски, укажуваат дупките во камењата, врз кои, најверојатно, се извишувала дрвена конструкција.

Додека се движевме по камената патека, расчистена и делумно обновена во 2005, со проект на Светската банка, ни го покажа знакот на воловско копито, вдлабнат оддесно во подножјето на процепот низ карпите – камената порта на светилиштето. Веднаш зад него се отвора голем простор, свртен кон соседниот рид, на чиј врв се извишуваат камени блокови кои, според досегашните истражувања, се мегалити, или маркери од камен, кои ги означуваат положбата на Сонцето, Месечината и ѕвездите во деновите на рамноденица, краткоденица и долгоденица.

– Тоа го докажаа и ноќните снимања на истражувачката екипа од Франција, предводена од **Емили Масон**, доктор на науки од Универзитетот Сорбона во Париз, археолог и историчар во францускиот Национален центар за научни истражувања. Врз основа на тие снимања беше утврдено дека станува збор за древна астрономска опсерваторија, а за тоа сведочат и камените фигури на мегалитите – вели Алексовски.

Како што можевме да забележиме разговарајќи, просторот се одликува со врвна акустика. Според сознанијата на Алексовски, бил користен за ритуални жртвувања на волови, кои тогашните луѓе ги сметале за свети животни. На тоа, како што вели, укажува и воловското копито што било вбраздено на влезот во светилиштето.

Патот нè води нагоре, кон следната просторија, издлабена во камениот масив. Дотаму се стигнува по вториот дел од скалите, вдлабени во карпата.

Возвишено беше чувството да се искачуваш по карпата со таква леснотија, а радоста е уште поголема ако сте човек што нема алпинистичко искуство. Чувството го прави уште повозвишено помислата дека чекорите таму каде што некогаш чекореле праисториските луѓе, по скали што ги издлабиле токму тие. Но, што ги натерало да одат повисоко?

– Во овој дел, на ова ниво, се случувале обредите што им биле посветени на боговите на виното и на плодноста – вели Алексовски.

За тоа, како што вели, сведочат камените корита, издлабени во камената просторија, во кои, се претпоставува, тогашните свештеници осветувале вино и вода што луѓето ја носеле од блиските реки. До истражувањата во 2005, просторот бил делумно затрупан со земја, по што се појавиле коритата. Но, ни тоа не е сè. Има уште едно ниво, до кое се стигнува по камени скали, кои водат до највисоката платформа, на чиј ѕид и ден-денес можат да се видат траги од коцкаста фигура што била прицврстена на камениот блок.

Се враќаме назад, кон подножјето на Цоцев Камен, каде што оддесно се двои друг процеп.

– Одовде се стигнува до местото каде што бил престолот, од каде што главатарот ги посматрал Сонцето, Месечината и ѕвездите врз мегалитите. Овој дел бил ексклузивен простор до кој не можел да дојде секој, а за тоа сведочат вертикалните канали што се издлабени зад процепот, низ кој се движела вертикална врата – појасни Алексовски.

Тишината за миг ја распара крик на сокол, кој во моментот го надлета просторот каде што се наоѓавме. Силното сонце и нашата заборавност да појдеме без вода на такво патешествие, го направија своето. Од пладнето поминале речиси час и половина. Решивме да побараме сенка и вода.

Додека се движевме кон автомобилот, договарајќи се каде да продолжиме со разговорот, нашиот водич ни предочи дека пропуштаме да се качиме на пострмниот дел на Цоцев Камен, кон запад, кај базенот во кој тогашните луѓе чувале вода. Исто така, ни укажа дека пропуштаме да ги видиме мегалитите и камените цртежи што биле вдлабени и нацртани врз нив. Мала утеха беа издупчените хоризонтални појаси на јужниот ѕид од масивот, за кои ни објасни дека биле дупки во кои се прицврстувале хоризонтални дрвени греди, кои, пак, биле носачи за стреите под кои се чувал добитокот.

Тогаш се сетивме да прашаме и за многуте вертикални дупки, со ширина колку една-две тупаници, што ќе ги забележите насекаде на повисоките платформи и во околината на скалите што се издлабени во карпата.

– Платформи имало насекаде. Тие им служеле на луѓето од населбата и на стражарите да можат многу брзо да се движат низ Цоцев Камен – ни објасни Алексовски.

**ОСПОРЕНА ВРЕДНОСТ.** Разговорот го продолживме во првата селска продавница, во ладовината на камените ѕидови и бучавата на стариот фрижидер, од кој се послуживме со студени пијалаци. Таму Алексовски ги сподели со нас впечатоците од посетата на Ричард Бенгс, револтот од оспорувањата на вредноста на Цоцев Камен, кои, како што ни рече, потекнуваат од луѓе од врвот на македонските археолози, кои, вели, тврдат невистини, иако никогаш не биле да го посетат локалитетот.

– Тврдат дека сето тоа е направено за петнаесет дена, колку што траеше проектот на Светска банка. И самите видовте. Може ли толкави простории, кои биле длабени со години, и скали со толкав слој патина, кои поминале векови подложни на ерозија, да се создадат за петнаесет дена? Тоа е злонамерно и неодговорно. Такви тврдења имаше и додека работевме тие петнаесет дена, кога беше повикана инспекција од Управата за заштита на спомениците на кул-

турата. Но, ни тоа не им успеа, зашто додека работевме, со нас постојано беше инспекторот **Ѕвонко Николовски**, кој беше воодушевен од тоа што го виде и не најде никаква забелешка – вели Алексовски.

Нашето патешествие заврши во Кратово, во општинскиот Центар за карпеста уметност, каде што пристигнавме по асфалтен пат, кој ви го препорачуваме како подобар пат до Цоцев Камен. Од нашиот водич и нашиот домаќин во Центарот, **Стевче Доневски**, научивме многу за карпестата уметност во Осоговијата и за мистериите на древното време што таа ги крие во себе. Токму таму нека заврши и вашата посета на Цоцев Камен, каде што ќе ја видите и изложбата на артефакти што биле пронајдени на локалитетот.

Прво објавување: 29 јуни 2007 г., Форум плус